Со овој правилник се пропишува содржината на програмата за полагање на испит, формата и содржината на образецот на легитимациите за стопански риболов и начинот на издавање, формата и содржината на уверението, како и трошоците за добивање на уверението за положен испит за стопански риболов.

Член 2

Програмата за полагање на испит за добивање на уверение за вршење стопански риболов ги опфаќа следните тематски области:

- прописи од областа на рибарството и аквакултурата;
- биологија на рибите во риболовните води во Република Македонија;
- технички карактеристики на риболовните средства и нивна употреба во риболовот и
- заштита на рибите и животната средина.

Тематските области од став 1 на овој член се основа за изведување на испитните прашања.

Член 3

Кандидатот кој сака да полага испит за добивање на уверение за вршење стопански риболов поднесува писмена пријава до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пријавата од став 1 на овој член содржи:

- име и презиме на кандидатот;
- адреса на канидатот;
- ЕМБГ;
- датум и место на раѓање;
- доказ за уплатен надомест за полагање на испитот.

Испитот за добивање на уверение за вршење стопански риболов се полага писмено.

Оценката за испитот е “положил” или “не положил”.

На секој кандидат кој го положил испитот му се издава уверение за положен испит за вршење стопански риболов.

Член 4

Уверението за положен испит за вршење стопански риболов се издава на образец во А4 формат со бела боја.

Уверението за положен испит за вршење стопански риболов содржи: грб на Република Македонија, текст “Република Македонија”, “Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство” и “ Уверение за положен испит за вршење стопански риболов” име и презиме, адреса, ЕМБГ, датум и место на раѓање, државјанство, датум и место на полагање на испитот, архивски број и датум на потпишување на уверението, потпис на овластено лице, и број на уверението.

Формата и содржината на уверението за положен испит за стопански риболов е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Легитимацијата за стопански риболов се издава на пластифицирана хартија со димензии 10cm x 7cm во светло виолетова боја.

Предната страна на легитимацијата за стопански риболов содржи: Грб на Република Македонија, текст “Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство” и “Легитимација за стопански риболов”, место за фотографија, име и презиме, број на лична карта, број на уверение за положен испит, датум на издавање и сериски број на легитимацијата.

Задната страна на легитимацијата за стопански риболов содржи назив на концесионерот, риболовна вода, риболовен алат и опрема, место за печат и потпис на овластено лице.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата за стопански риболов е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Трошоците за добивање на уверението за положен испит за стопански риболов се во рамките на направените трошоци за одржување на испитот и изготвување на уверението за положен испит за стопански риболов и изнесуваат 4.000,00 денари.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за содржината на програмата за полагање на испит, формата и содржината на уверението, како и трошоците за добивање на уверението за положен испит за стопански риболов („Службен весник на Република Македонија” број 54/08) и Правилникот за формата и содржината на образецот на легитимацијата за стопански риболов („Службен весник на Република Македонија” број 54/08).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-7949/1
9 август 2010 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ

_____
(име и презиме)

_____
(адреса)

_____
(ЕМБГ)

_____
(датум и место на раѓање)

_____
(државјанство)

На ден _____, во _____ положи испит за стопански риболов, според што е стручно оспособен-а за вршење стопански риболов.

Архивски број: _____

Дата на потпишување: _____

О В Л А С Т Е Н О
Л И Ц Е

_____

Број: _____

Прилог 2

Предна страна:



Задна страна:



2280.

Врз основа на член 104 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ број 7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОКУМЕНТОТ ЗА ПОТЕКЛОТО НА ПОРИБИТЕЛНИОТ МАТЕРИЈАЛ И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ИЗДАВАЊЕ И ПОПОЛНУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на документот за потеклото на порибителниот материјал и начинот на неговото издавање и пополнување.

Член 2

Документот за потеклото на порибителниот материјал наменет за промет се издава на образец во А5 формат на лајмована индигирана хартија во бела боја.

Документот за потеклото на порибителниот материјал содржи:

- Натпис: “Пропратен лист за потеклото на порибителниот материјал наменет за промет”,
- реден број и датум на издавање,
- назив и седиште на репроцентар или рибник - испорачател,
- риболовна вода на која се наоѓа објектот за производство на порибителен материјал,
- број на решение за регистрација на репроцентар или дозвола за производство на порибителен материјал,
- ЕДБ на испорачател,
- име и презиме на физичкото, односно назив на правното лице - купувач,
- адреса на физичкото, односно седиште на правното лице - купувач,
- име и презиме на лицето кое врши транспорт,
- регистерска ознака на превозното средство,
- крајна дестинација на порибителниот материјал,
- дата и место на утовар,
- податоци за порибителниот материјал – вид, вкупна тежина, просечна тежина на еднинка, просечна големина на единка, единечна цена по килограм и вкупна цена за пратката,
- место за потпис на испорачател, лице кое врши транспорт и купувач и
- место за печат.

Член 3

Документот за потеклото на порибителниот материјал се издава во три копии, од кои едната ја задржува испорачателот, втората лицето кое врши транспорт, а третата копија купувачот на порибителниот материјал.

За секој пратка на порибителен материјал се пополнува документот за потекло на порибителниот материјал.

Испорачателот на порибителниот материјал го пополнува документот за потекло на порибителниот материјал пред почетокот на транспортот.

Трите примерока од документот за потеклото на порибителниот материјал ги потпишуваат испорачателот и лицето кое врши транспорт.

Едниот примерок останува за испорачателот, а двата примерока ја придружуваат пратката и се потпишуваат од страна на купувачот по извршената достава на порибителниот материјал во рибник или на риболовна вода.

Формата со содржината на документот за потеклото на порибителниот материјал е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-7950/1
9 август 2010 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

Документ за потеклото на порибителниот материјал наменет за промет

<table>
<tr><td colspan="3">РЕДЕН БРОЈ _____</td><td colspan="3">ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ _____</td></tr>
<tr><td rowspan="2">ИСПОРАЧА - ТЕЛ</td><td>НАЗИВ</td><td></td><td rowspan="2">КУПУВАЧ</td><td>НАЗИВ/ИМЕ</td><td></td></tr>
<tr><td>АДРЕСА / СЕДИШТЕ</td><td></td><td>АДРЕСА/ СЕДИШТЕ</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">РИБОЛОВНА ВОДА</td><td colspan="2">ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ТРАНСПОРТ</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">БРОЈ НА РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА РЕПРОЦЕНТАР ИЛИ ДОЗВОЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОРИБИТЕЛЕН МАТЕРИЈАЛ</td><td colspan="2">РЕГИСТЕРСКА ОЗНАКА НА ПРЕВОЗНОТО СРЕДСТВО</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3" rowspan="3">ЕДБ</td><td colspan="2">КРАЈНА ДЕСТИНАЦИЈА НА ПОРИБИТЕЛНИОТ МАТЕРИЈАЛ (РИБОЛОВНА ВОДА/РИБНИК)</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">УТОВАР</td><td>ДАТА</td><td></td></tr>
<tr><td>МЕСТО</td><td></td></tr>
</table>

ВИД	ВКУПНА ТЕЖИНА (КГ.)	ПРОСЕЧНА ТЕЖИНА НА ЕДИНКА	ПРОСЕЧНА ГОЛЕМИНА НА ЕДИНКА	ЕДИНЕЧНА ЦЕНА (КГ.)	ВКУПНА ЦЕНА

ПОТПИС НА ИСПОРАЧАТЕЛ

_____

МП

ПОТПИС НА ЛИЦЕТО КОЕ ВРШИ ТРАНСПОРТ

_____

ПОТПИС НА КУПУВАЧ

_____

МП

2281.

Врз основа на член 72 став (4) и член 73 (6) од Законот за ветринарно здравство („Службен Весник на Република Македонија" бр. 113/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ОДОБРЕНИ ТРГОВЦИ, ФОРМА И СОДРЖИНА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОДОБРЕНИ СОБИРНИ ЦЕНТРИ

Член 1
Предмет

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за одобрени трговици како и формата и содржината на регистар на одобрени собирни центри.

Член 2
Евиденција на одобрени трговци

(1) Управата за Ветеринарство води евиденција на одобрени трговци во форма на Регистар.
(2) Регистар на одобрени трговци се води во форма на тврдо вкоричена книга со димензии 210 x 320 mm на евиденциски листови кои се меѓусобно поврзани и нумерирани.
(3) На предната страна од корицата на книгата на Регистарот на одобрени трговци е втиснат грбот на Република Македонија и е впишан текст „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство и Регистар на одобрени трговци".
(4) Евиденциските листови го содржат следниот текст:
- назив на фирмата на подносителот на барањето или име на физичкото лице - трговец
- адреса на седиштето на фирмата или на физичкото лице - трговец
- матичен број на фирмата и Даночен Број на Правното Лице
- овластено лице за застапување на фирмата (Име и Презиме, ЕМБГ, адреса)
- податоци за одговорното лице (Име и Презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, е-mail)
- адреса на објектот
- вид на животни.
(5) Регистерот на одобрени трговци се води во пишана и електоронска форма.
(6) Содржината и формата на Регистарот на одобрени трговци е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3
Регистар на одобрени собирни центри

(1) Регистар на одобрени собирни центри се води во форма на тврдо вкоричена книга со димензии 210 x 320 mm на евиденциски листови кои се меѓусобно поврзани и нумерирани.
(2) На предната страна од корицата на книгата на Регистарот на одобрени собирни центри е втиснат грбот на Република Македонија и е впишан текст „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство и Регистар на одобрени собирни центри".
(3) Евиденциските листови го содржат следниот текст:
- назив на фирмата на подносителот на барањето
- адреса на седиштето на фирмата
- матичен број на фирмата и Даночен Број на Правното Лице
- овластено лице за застапување на фирмата (Име и Презиме, ЕМБГ, адреса)
- податоци за одговорното лице (Име и Презиме, ЕМБГ, адреса, телефон, е-mail)
- адреса на објектот
- вид на животни.
(5) Регистерот на собирни центри се води во пишана и во електоронска форма.
(6) Содржината и формата на Регистарот на собирни центри е дадена во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4
Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-2436/3
24 август 2010 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Управа за ветеринарство

Регистар на одобрени трговци

РЕГИСТАР ЗА ОДОБРЕНИ ТРГОВЦИ

1.	Број на идентификација на објектот	
2.	Назив на фирмата или физичкото лице - трговец	
3.	Адреса на седиштето на трговецот	
	Сопственик на објектот и негова адреса	
4.	Овластено лице за застапување	
5.	Адреса на објектот	
6.	Вид на животни	
7.	Капацитет	
8.	Датум на упис во регистарот	
9.	Забалешка	
10.	Потпис на овластеното лице од Управата за ветеринарство што го извршил впишувањето во регистарот и датум	
11.	Измени на условите	

Прилог 2

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Управа за ветеринарство

Регистар на одобрени собирни центри

РЕГИСТАР ЗА ОДОБРЕНИ СОБИРНИ ЦЕНТРИ

1.	Број наидентификација на објектот	
2.	Назив на фирмата	
3.	Адреса на седиштето на фирмата	
	Сопственик на објектот и негова адреса	
4.	Овластено лице за застапување	
5.	Одговорно лице за собирниот центар	
6.	Адреса на објектот	
7.	Вид на животни	
8.	Капацитет	
9.	Датум на упис во регистарот	
10.	Забалешка	
11.	Потпис на овластеното лице од Управата за ветеринарство што го извршил впишувањето во регистарот и датум	
12.	Измени на условите	

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

2282.

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија “ бр. 79/2009), министерот за труд и социјална политика, донесе

Р Е Ш Е Н И Е ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ТЕТОВО

1.Се дава согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Тетово, број 03-4025/1 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 23.08.2010 година .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 10-5909/2
27 август 2010 година
Скопје

Министер,
Џељаљ Бајрами, с.р.

2283.

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009), министерот за труд и социјална политика, донесе

Р Е Ш Е Н И Е ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ГЕВГЕЛИЈА

1.Се дава согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија број 01-1090/1 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 25.08.2010 година .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 10-5965/1
27 август 2010 година
Скопје

Министер,
Џељаљ Бајрами, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

2284.

Врз основа на член 29, став 9 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА КРИТЕРИУМИТЕ КОИШТО ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКА ОЗНАКА ЗА ХИГИЕНСКА ХАРТИЈА (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за хигиенска хартија, како и начинот и постапката за нивното утврдување.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Хигиенска хартија" е група на производи која вклучува листови или ролни од хигиенска хартија кои се погодни за употреба за лична хигиена, апсорпција на течности и/или чистење на извалкани површини. Материјалот на производот се состои од крепирана или релјефна хартија во еден или повеќе слоеви. Содржината на влакна во производот треба да биде најмалку 90%. Групата на производи не ги вклучува влажните марамчиња и санитарните производи, материјалот на производите кој е ламиниран со други материјали различни од хигиенска хартија и козметичките производи.

2. “Барател“ е правно или физичко лице кое поднело барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за добивање на еколошка ознака за хигиенска хартија.

Член 3

Критериумите кои хигиенската хартија треба да ги исполни за добивање на еколошка ознака се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Одредбите на овој правилник имаат за цел да се обезбеди:

- Намалување на испуштањата на токсични или еутрофични супстанции во водите;
- Намалување на штетатата или ризиците поврзани со користење на енергија (глобално затоплување, ацидификација, осиромашување на озонскиот слој, трошење на необновливи ресурси) со намалување на потрошувачката на енергија и поврзаните емисии во воздухот;
- Намалување на штетатата или ризиците поврзани со користење на опасни хемикалии;
- Зголемување на користењето на оддржливи влакна, и
- Примена на принципите на оддржливо управување во согласност со заштитата на шумите.

Критериумите се одредени на начин со кој се промовира означувањето на хигиенската хартија кои имаат мало влијание врз животната средина.

Член 5

Секој критериум содржи специфични барања за проценка и верификација.

За одредени случаи, покрај методите на тестирање утврдени со критериумите од овој правилник, може да се употребат и други методи, доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст: надлежен орган) прифати дека тие се еквивалентни на предвидените за секој критериум.

Доколку за верификацијата не се потребни тестови, надлежниот орган треба да ја заснова одлуката на изјави и документација обезбедена од страна на барателот и/или од независни верификации.

Во определени случаи, кога е тоа потребно, надлежниот орган може да бара дополнителна документација и може да изврши независна верификација.

Надлежниот орган може да ги земе предвид признатите системи за управување со животната средина, како EMAS или 1SO 14001, при оценувањето на барањето и исполнувањето на критериумите.

Член 6

Барателот кој ги исполнува критериумите за добивање на еколошка ознака за хигиенска хартија на пакувања на хигиенската хартија може да стави еколошка ознака, каде во текстуалниот дел на ознаката го става текстот: ХИГИЕНСКА ХАРТИЈА.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-6036/11
16 јули 2010 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
д-р **Нецати Јакупи,** с.р.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Одлуката на комисијата од јули 2009 година за воспоставување еколошки критериуми за доделување на еко-ознаката на Заедницата за хигиенска хартија. (32009D0568)

ПРИЛОГ

ЕКОЛОШКИ КРИТЕРИУМИ

Еколошките критериуми го покриваат производството на целулозната маса вклучувајќи ги сите составни подпроцеси од моментот во кој суровината/рециклираната хартија влегува во постројката до моментот во кој целулозната маса го напушта погонот за преработка на целулозната маса. Кај процесите за производство на хартија, еколошките критериуми ги покриваат сите подпроцеси започнувајќи од згмечувањето на целулозната маса (распаѓање на рециклираната хартија) до намотување на хартијата во ролни.

Транспортот, конвертирањето и пакувањето на целулозната маса, хартија или суровини не се вклучени.

Рециклирани влакна се дефинирани како влакна обезбедени преку рециклирање на употребена хартија и картон и тоа од печатење или од потрошувачите. Купената и самостојно произведената хартија од нови (нерециклирани) влакна не се вклучени во оваа дефиниција.

Тестирањето што треба да се врши заради оценување на исполнувањето на еколошките критериуми, треба, кога е тоа можно, да биде направено од страна на лабораториии кои ги исполнуваат општите барања на стандардот EN 1SO 17025 или друг еквивалентен метод. Кога не е можно се применуваат други методи утврдени во солгасност со член 5 став (3) од овој правилник.

1. ЕМИСИИ ВО ВОДАТА И ВОЗДУХОТ

(а) Хемиска потрошувачка на кислород (COD), Фосфор (P), Сулфур (S), Азотни оксиди (NO_x)

За секој од овие параметри, емисијата во воздухот и/или водата од производството на целулозна маса и хартија треба да биде изразено во услови на точките ($P_{cod,}P_p,P_s,P_{NOx}$).

Ниту една од индивидуалните точки $P_{cod,}P_p,P_s,P_{NOx}$ не треба да надминува 1,5.

Вкупниот број на точките ($P_{total}= P_{cod}+ P_p +P_s+P_{NOx}$), не треба да надминува 4,0.

Престметката на $P_{cod,}$ треба да биде направена како што следува, а пресметките на P_p,P_s,P_{NOx} треба да бидат направени на потполно ист начин со кореспондентните референтни вредности.

За секоја целулозна употребена маса “i”, соодветната измерена емисија на COD ($COD_{pulp,I}$ изразено во kg/тон сув воздух – Air Dried Tonne “ADT“) треба да биде измерена согласно пропорцијата за секоја употребена целулозна маса ($pulp_{i,}$ во однос на тон сув воздух за хигиенската хартија). Потоа, измерената емисија на COD за целулозната маса се додава на измерената емисија на COD од производството на хартија за да се добие вкупната емисија на COD, COD_{total})

Измерената референтна вредност за COD за производството на целулозна маса треба да биде пресметна на ист начин, како збир од измерените референтни вредности за секоја употребена целулозна маса и додадени на референтната вредност за производство на хартија за да ја даде вкупната COD референтна вредност, $COD_{reftotal.}$ Референтните вредности за секој употребен вид на целулозна маса и за производство на хартија се дадени во Табела 1, на овој критериум.

Крајната вкупна емисија на COD е поделена на вкупната референтна вредност на COD на следниот начин:

$$Pcod = \frac{CODtotal}{COD\ reftotal} = \frac{\sum_{i=1}^{n}[pulp,i * (CODpulp,i)] + CODpapermachine}{\sum_{i=1}^{n}[pulp,i * (CODrefpulp,i)] + CODrefpapermachine}$$

Табела 1: Референтни вредности за емисии од различни видови целулозна маса и од производството на хартија

Оценка на целулозната маса/Хартија	Емисии			
	$COD_{reference}$	$P_{reference}$	$S_{reference}$	$NOx_{reference}$
Хемиска целулозна маса (не сулфити)	18,0	0,045	0,6	1,6
Хемиска целулозна маса (сулфити)	25,0	0,045	0,6	1,6
Неизбелена хемиска целулозна маса	10,0	0,02	0,06	1,6
CTMP	15,0	0,01	0,3	0,3
Рециклирани целулозни влакна	3,0	0,01	0,03	0,3
Хигиенска хартија	2,0	0,01	0,03	0,5

(1) ADT = Количина на тон сув воздух значи 90% сува материја за целулозната маса. Актуелната сува материја за хартијата вообичаено е околу 95%.

Во случај на когенерација на топлина и електрична енергија во иста постројка емисиите на NOx и S треба да бидат алоцирани и пресметани согласно следната равенка:

Поделбата на емисиите од производството на електрична енергија

e = 2x (MWh (electricity)) / (2xMWh (electricity) + MWh (Heat)).

Електричната енергија во оваа пресметка е нето електрична енергија, каде делот од електричната енергија потребен за работа и употребен во термоелектраната за да произведе енергија е исклучен. На пр. нето електрична енергија е делот кој е доставен од електраната до погонот за производство на целулозна маса/хартија.

Топлината во оваа пресметка е нето топлина каде делот од топлината потребен за работа употребен во термоелектраната за да произведе енергија е исклучен. На пр. нето топлина е делот кој е доставен од електраната до погонот за производство на целулозна маса/хартија.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди детални пресметки со коишто ќе ја покаже усогласеноста со овој критериум, заедно со соодветната пропратна документација каде треба да се вклучат и извештаите од тестирања во кои се употребени специфичните методи на тестирање за секој параметар или еквивалент како што е покажано подолу:

COD: ISO 6060; DIN 38409 дел 41, NFT 90101 ASTM D 125283, Dr. Lang LCK 114, Hack или WTW

P: EN ISO 6878, APAT IRSA CNR 4110 или Dr. Lang LCK 349

NOx: ISO 11564

S (Oxid): EPA No.8

S (red): EPA No. 16 A

Сулфурни состојки во масло: ISO 8754

Сулфурни состојки во јаглен: ISO 351

Пропратната документација треба да вклучува индикатор за мерење на фрекфенцијата и пресметка на точките за COD, P, S, NOx. Таа треба да ги вклучува сите емисии на сулфур и натриум оксид кои што се појавуваат за време на производството на целулозна маса и хартија, вклучувајќи ја и пареата произведена надвор од погонот, освен оние емисии поврзани со производство на електрична енергија. Мерењата треба да вклучуваат бојлери коишто користат употребена вода, печки за вар, парни котли и печки за отпадоци за гасови со силен мирис. Дифузните емисии треба да бидат земени во предвид. Репортираните емитирани вредности за сулфур во воздухот треба да ги вклучуваат оксидираните и редуцираните сулфурни емисии (диметил сулфид, метил меркаптан и сл.). Сулфурните емисии поврзани со производство на топлинска енергија од масло, јаглен и други надворешни горива со позната содржина на сулфур, наместо да бидат измерени може да бидат пресметани и треба да бидат земени во предвид.

Примероци од емисии во водата треба да бидат земени од нефилтрирани и неодредените примероци дури и после третманот во погонот или после третманот во прочистителна станица. Периодот за мерењата треба да се базира на производството за време на 12 месеци. Во случај на нова или повторно изградена постројка, каде мерењата на емисиите не се достапни за период од 12 месеци, резултатите треба да се базираат на емисите измерени еднаш дневно во 45 последователни денови, откако вредностите за емисиите во постројката ќе се стабилизираат.

(б) AOX

Измерените просечни вредности на AOX испуштени од производство на целулозна маса употребена во еколошко означената хигиенска хартија не треба да достигнува 0,12 kg/ADT хартија. AOX емисии од секоја поединечна целулозна маса употребена во хартијата не треба да достигнува 0,25 kg /ADT целулозна маса.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди извештаи од спроведен тест користејќи ги следните методи на тестирање: AOX ISO 9562 од набавувачот на целулозна маса заедно со деталните пресметки кои ја покажуваат усогласеноста со овој критериум заедно со релевантната пропратна документација.

Пропратната документација треба да содржи податоци за зачестеноста на мерењата. AOX треба да биде измерен во процеси каде состојки од хлор се употребени за белење на целулозата. AOX не треба да биде мерено во испуштања од неинтегрирано производство на хартија или во испуштања од производство без белење, или каде белењето е извршено со суптанции кои не содржат хлор.

Мерењата треба да бидат земени од нефилтрирани и неодредените примероци дури и после третманот во погонот или после третманот во пречистителна станица. Периодот за мерењата треба да се базира на производството за време на 12 месеци. Во случај на нова или повторно изградена постројка, каде мерењата на емисиите не се достапни за период од 12 месеци, резултатите треба да се базираат на емисиите измерени еднаш дневно во 45 последователни денови, откако вредностите за емисиите во постројката ќе се стабилизираат.

(в) CO_2

Емисиите на јаглерод двооксид од необновливи извори не треба да надминуваат 1500 kg по ADT произведена хартија, вклучувајќи ги и емисиите за производство на електрична енергија.

Горивата употребени за конвертирање на хигиенската хартија во производ и транспортот при дистрибутирањето на овој производ, целулозните маси или други суровини, не треба да бидат вклучени во овие пресметки.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди детални пресметки кои ја покажуваат усогласеноста со критериумот заедно со пропратната документација.

Барателот треба да обезбеди податоци за емисиите на јаглерод двооксид во воздухот. Ова треба да ги вклучува сите извори на необновливи горива за време на производсвото на целулозна маса и хартија, вклучувајќи ги емисиите од производство на електрична енергија.

Следните емисиони фактори, дадени во Табелата 2 на овој критериум, треба да бидат употребени за пресметките на јаглерод двооксид од горивата:

Табела 2

Гориво	**Емисии на $CO_{2\ фосил}$**	**Единица**
Јаглен	95	g $CO_{2,\ fossil}$/MJ
Сурова нафта	73	g $CO_{2,\ fossil}$/MJ

Горивно масло 1	74	g $CO_{2,\ fossil}$/MJ
Горивно масло 2-5	77	g $CO_{2,\ fossil}$/MJ
LPG	62,40	g $CO_{2,\ fossil}$/MJ
Природен гас	56	g $CO_{2,\ fossil}$/MJ
Електрична струја	400	g $CO_{2,\ fossil}$ /kWh

За целата мрежа на електричната –енергија, вредноста која се наоѓа во табелата 2, треба да биде користена за територијата на Република Македонија. За места надвор од Република Македонија, барателот мора да достави документација со која ќе ја констатира средната вредност на набавувачите на енергија и да ја користи оваа вредност наместо вредноста од табелата 2.

2. КОРИСТЕЊЕ НА ЕНЕРГИЈА

Вкупната потрошувачка на електрична енергија при производтство на хигиенска хартија, треба да биде пресметана како сума на електричната енергија за производство на целулозна маса и на хигиенска хартија и не треба да надминува 2200 kWh електрична енергија по ADT од произведена хартија.

Барателот треба да ја пресмета целата потрошена електрична енергија за време на производство на целулозна маса и хигиенска хартија, вклучувајќи ја и електричната енергија користена во процесот на вадење на мастилото при производството на рециклирана хартија.

Пресметката на електрична енергија не вклучува потрошена енергија за транспортирање на суровини, или во конвертирање и пакување.

Под електрична енергија се подразбира нето увезена електрична енергија која доаѓа од мрежата и интерната генерирана електрична енергија измерена како електрична снага. Не треба да биде вклучена енергијата користена за третман на отпадната вода и за прочистување на воздухот.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди детална пресметка која ќе ја покажува усогласеноста со овој критериум, заедно со целата пропратна документација. Затоа во деталите за известување треба да биде вклучена целата потрошувачка на електрична енергија.

3. ВЛАКНА – ОДДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

(а) Производителите на целулозна маса и хартија треба да имаат усвоено производствена политика за одржливо снабдување со дрво и влакна и систем кој ќе го следи и верификува потеклото на дрвото и неговиот пат од шумите до првата приемната точка.

Потеклото на сите нови влакна треба да биде документирано.

Производителите на целулозна маса и хартија треба да се осигураат дека дрвото и влакната потекнуваат од легални извори. Дрвото и влакната не треба да доаѓаат од заштитени подрачја или подрачја во официјални процеси назначени за заштита, стари шуми и високо вреднувани шуми, дефинирани во националните процеси, освен доколку купувањето не е јасно видливо дека е во согласност со националното законодавство.

(б) Суровинските влакна во хартијата може да бидат рециклирани или да бидат од нови влакна. 50% од било кои нови влакна треба да потекнуваат од оддржливо управувани шуми кои се сертифицирани од независна трета страна, исполнувајќи ги критериумите набројани во параграф 15 од Резолуцијата на Советот од 15 декември 1998 година за шумска стратегија за ЕУ и понатамошен развој.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди соодветна документација од добавувачот на хартија каде ќе бидат истакнати видот, количината и прецизното потекло на влакната употребени за производство на целулоза и хартија. Онаму, каде се употребени нови влакна од шумите, барателот треба да обезбеди сертификат од снабдувачот со целулоза/хартија која ќе покажува дека коректно ги исполнува барањата пропишани во параграф 15 од Резолуцијата на Советот од 15 декември 1998 год.за шумска стратегија за ЕУ и понатамошен развој.

4. ОПАСНИ ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИИ

(а) ХЛОР

Не треба да се користи хлорен гас како средство за белење. Овој услов не се однесува на хлорниот гас користен за производство и употреба на хлор диоксид.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди изјава од произведувачите на целулозна маса дека хлорот не бил употребен како средство за белење. Забелешка: доколку ова барање исто така се применува и за избелените или рециклирани влакна, се прифаќа влакната во нивниот претходен животен циклус да може да не биле белени со хлорен гас.

(б) APEOs

Алкилфенол етоксилати (APEOs) и други деривати на алкилфенолот, не треба да бидат додадени на обезмастувачките хемикалии, хемикалиите за чистење, инхибитори за пенење, распрскувачи или хемикалии за превлекување. Дериватите на алкилфенолот се дефинирани како супстанции кои се распаѓаат на алкил феноли.

Проценка или верификација: Барателот треба да обезбеди изјава дека APEOs не биле употребени во овие производи.

(б) Површински активни супстанции во обезмастувачки формулации за рециклирани влакна

Онаму каде површинските активните супстанции се употребени во количина од најмалку 100 g/ADT (собрани од сите површински активни супстанции употребени во сите различни формулации употребени во обезмастените повратни влакна), секоја површински активна супстанција треба да биде брзо биоразградлива. Кога ваквите површински активни супстанции се употребени во количини помали од 100 g/ADT секоја површински активна супстанција треба да биде брзо биоразградлива или крајно биоразградлива.

Проценка и верификација: Барателот или набавувачот на хемикалии треба да обезбеди изјава за усогласеност со овој критериум заедно со релевантните безбедносни податоци или извештаи од спроведено тестирање за секоја површински активна супстанција која треба да се појави со методот на тестирање, изјавени прагови и заклучоци, употребувајќи една од следните методи на тестирање и дозволени нивоа: за брза биоразградливост OECD 301 A – F (или еквивалентен ISO стандард) со процентуална деградација за 28 дена од најмалку 70 % за 301 A и E, и од најмалку 60% за 301 B, C, D, F; за ултимативна биоразградливост OECD 301 A - C (или еквивалентен ISO стандард), со процентуална деградација (вклучувајќи и абсорбција) во 28 дена од најмалку 70 % за 301 A и B, и од најмалку 60 % за 302 C.

(г) Биоциди

Активните компоненти во биоцидите или биостатските агенси употребени за да се пресмета таложењето на организмите во системот за вода кој што содржи влакна не треба да бидат потенцијално биоакумулирачки.

Проценка и верификација: Барателот или набавувачот на хемикалии треба да обезбеди изјава за усогласеност со овој критериум заедно со релевантните безбедносни податоци или извештаи од спроведено тестирање кои што треба да се појават во извештаите од тестирањето, изјавените прагови и заклучоци, употребувајќи ги следните методи на тестирање: OECD 107,117 или 305 A-E.

(д) Агенси за зголемување на влажноста:

Овие помагала не треба да имаат повеќе од 0,7 % хлоро-органски супстанции епихлорохидрин (ECH), 1,3 – дихлоро-2-пропанол (DCP) и 3-монохлоро-1,2-пропанедиол (MCPD), пресметани како збир од трите состојки и поврзани со сува состојка на AGENSOT за зголемување на влажноста.

Агенсите за зголемување на влажноста кои што содржат глиоксал не треба да бидат употребени во производството на еколошко означената хигиенска хартија.

Проценка и верификација: Барателот или набавувачот на хемикалии треба да обезбеди изјава дека состојки од епихлорохидрин (ECH), 1,3 – дихлоро-2-пропанол (DCP) и 3-монохлоро-1,2-пропанедиол (MCPD), пресметани како збир од трите состојки и поврзани со сува состојка на агенсот за зголемување на влажноста не се поголеми од 0,7 %.

(г) Омекнувачи, лосиони, мириси и адитиви од природно потекло

Ниту една од составните компоненти или препарати/смеси во омекнувачите, лосионите, мирисите и адитивите од природно потекло не треба да бидат класифицирани како опасни за животната средина, чувствителност, канцерогеност или мутагеност со ризичните фрази: R42, R43, R45, R46, R50, R51, R52, R53 (или нивни комбинации) во согласност со Законот за хемикалии и Директивата на Советот 67/548/ЕЕЗ за приближување на законите, регулативите и административните одредби кои се однесуваат на класификацијата, пакувањето и обележувањето на опасните супстанции, или Директивата 1999/45/ЕЗ за приближување на законите, прописите и административните одредби на земјите - членки за класифицирање, пакување и етикетирање на опасни препарати и нејзините амандмани. Било кои супстанции/мириси кои во согласност со Директивата 2003/15/ ЕС која ја надополнува Директивата на Советот 76/768/ЕЕЗ козметичките производи, бараат мирисот да биде означен на производот/пакувањето, не треба да биде употребен во еколошко означениот производ (концентрациска граница 0,01 %).

Било кои состојки додадни во производот како мириси мора да бидат преработени, постапувани и применети во согласност со кодот на практики на Меѓународната асоцијација за мириси.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди список на омекнувачи, лосиони, мириси и адитиви од природно потекло кои биле додадени во хигиенската хартија заедно со изјава за секој додаден препарат што се среќава во критериумот.

Производителот на мириси, треба да обезбеди изјава за усогласеност за секој дел од овој критериум и да го достави до надлежниот орган.

5. БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Производи направени од рециклирани влакна, или мешавина од рециклирани влакна и нови влакна треба да ги исполнат условите за хигиена како што следува:

Хигиенската хартија не треба да има повеќе од:

- Formaldehyde: 1 mg/dm2 според метод на тестирање EN 1541
- Glyoxal: 1,5 mg/dm2 според метод на тестирање DIN 54603
- PCP: 2 mg/kg според метод на тестирање EN ISO 15320

Сите производи од хигиенска хартија треба да ги исполнат следниве услови:

- Слимициди (високо ефикасен микробиоцид) и антимикробни супстанции: Не треба да имаат раст на микро-организмите според метод на тестирање EN 1104.
- Бои и оптички осветлувачи: Да не покажува осветлување според метод на тестирање EN 646/648, каде се бара ниво 4 од наведениот метод.

Бои и мастила:

- Боите и мастилата користени во производството на хигиенска хартија не треба да содржат азотни супстанции кои може да се раздвојат во било кои амини прикажани во Табелата 3 на овој критериум.
- Бои и мастила употребени во производство на хигиенска хартија не треба да се базираат на Cd или Mn.

Табела 3: Бои кои не треба да ги пропуштаат следните амини согласно Директивата 2002/61/ЕС која ја надополнува Директивата на Советот 76/769/ЕЕЗ во однос на рестрикциите на маркетингот и користењето на опасни супстанции и препарати (азотни бои)

Амини	CAS-број
4-aminobiphenyl / 4-аминобифенил	92-67-1
Benzidine / Бензидин	92-87-5
4-chloro-o-toluidine / 4-хлоро-о-толуидин	95-69-2
2-naphthylamine / 2-нафтиламин	91-59-8
o-amino-azotoluene / о-амино-азотолуен	97-56-3
2-amino-4-nitrotoluene / 2-амино-4-нитротолуен	99-55-8
p-chloroaniline / п-хлороанилин	106-47-8
2,4-diaminoanisol / 2,4 - диаминоанизол	615-05-4
2,4_-diaminodiphenylmethane / 2,4 - диаминодифенилметан	101-77-9
3,3_-dichlorobenzidine – / 3,3 – дихлоробензидин	91-94-1
3,3_-dimethoxybenzidine / 3,3 - диметоксибензидин	119-90-4
3,3_-dimethylbenzidine / 3,3 - диметилбензидин	119-93-7
3,3_-dimethyl-4,4_-diaminodiphenylmethane / 3,3 – диметил – 4,4 диаминодифенилметан	838-88-0
p-cresidine / п- крезидин	120-71-8
4,4_-methylene-bis-(2-chloraniline) / 4,4 – метилен-бис- (2 хлоранилин)	101-14-4
4,4_-oxydianiline / 4,4 - оксидианилин	101-80-4
4,4_-thiodianiline / 4,4 - тиодианилин	139-65-1
o-toluidine / о- толуидин	95-53-4
2,4-toluilenediamine/ 2,4 - толуиленедиамин	95-80-7
2,4,5-trimethylaniline / 2,4,5 - триметиланилин	137-17-7

0-anisidinedimethoxyaniline/ 0- анизидинедиметоксианилин	90-04-0
2,4-xylidine / 2,4 – хилидин	95-68-1
4,6-xylidine / 4,6 - хилидин	87-62-7
4-aminoazobenzene/ 4-аминоазобензен	60-09-3

Проценка и верификација: Барателот или набавувачот на хемикалии треба да обезбеди изјава за усогласеност со овој критериум.

6. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Сите производувачи на целулозна маса, хартија и конвертирани производи добиени од материјалот за хигиенска хартија, треба да имаат систем за постапување со отпадот и остатоците од производите од производните погони. Системот треба да е документиран или објаснет во барањето и треба да ги вклучува барем следниве точки и тоа:

- Постапки за одвојување и користење на рециклирани материјали од текот на отпадот.
- Постапки за обновување на материјали за други намени, како на пример согорување за подигнување на процесот на пареа, или за користење во земјоделството.
- Постапки за постапување со опасниот отпад.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди опис на управувањето со отпадот од сите засегнати страни и изјава за усогласеност со овој критериум.

7. СПОСОБНОСТ ЗА УПОТРЕБА

Производот треба да е способен за употреба.

8. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРОШУВАЧОТ

Текстуалниот дел од еколошката ознака треба да го содржи следниот текст:
- Употребени одржливи влакна.
- Намалена загаденост на водата и воздухот.
- Намалени емисии на стаклени гасови и намалено користење на енергија.

Исто така, како дополнување, производувачот треба до еколошката ознака да обезбеди и изјава со која го искажува минималниот процент на користење на рециклирани влакна, и/или изјава со која го искажува процентот на сертифицирани влакна.

2285.

Врз основа на член 29, став 9 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА КРИТЕРИУМИТЕ КОИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКА ОЗНАКА ЗА ОБУВКИ (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите кои што треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за обувки, како и начинот и постапката за нивното утврдување.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1**. „Обувки”** е група на производи која ги вклучува сите делови од облеката дизајнирани за да го заштитат или покријат стапалото, со прицврстен надворешен ѓон кој доаѓа во контакт со земјата, и истите не треба да содржат било какви електрични или електронски составни делови. Обувките може да бидат:

- **спортски обувки** за општа намена кои се дизајнирани и произведени за примена во активности надвор од работното време, или пак за носење при неспецифични спортски активности;
- **школски обувки** кои се со големина на стапалото од број 23 до 38 - Paris point;
- **секојдневни обувки** кои се слични на изглед како обувките за општа намена, но дизајнирани за активности во слободно време;
- **градски обувки (машки и женски)** кои се дизајнирани и произведени на начин кој е соодветен за носење во канцеларија, за пазарење. Удобноста и комфорот се многу поважни отколку дизајнот и модерниот додаток;
- **обувки за ладно време** кои се дизајнирани и произведени со цел да обезбедат заштита на оној што ги носи, во временски услови каде што температурата изнесува под нулата, во ладни, снежни и замрзнати временски услови;
- **модерни обувки (машки и женски)** кои се дизајнирани и произведени со очекувана ограничена употреба, но со модни додатоци. Дизајнирани за лесно носење. Стилот е најважниот параметар;
- детски обувки кои се дизајнирани и произведени за секојдневна употреба за деца, а со големина на стапалото од број 16 до 22 - Paris point;
- **обувки за внатрешна употреба (машки, женски и детски)** кои се дизајнирани и произведени со соодветна трајност за носење дома (во куќа или двор). Истите се несоодветни за носење како градските чевли и за заштита од студено време и лоши временски услови;
- **професионални обувки** кои содржат карактеристики со цел да го заштитат оној што ги носи од повреди и несреќни ситуации за време на извршување на работните обврски; и
- **обувки** отпорни на вода кои се дизајнирани и произведени да го заштитат стапалото од пристап на вода и тоа најмалку 1 (еден) час во лоши временски услови за период од најмалку три месеци.

2. „Paris point“ е единица мерка за должина на чевел еднаква на 6,6 mm. Секое зголемување на должината е еднакво на зголемување на ширината за 5 mm.

3. „Барател“ е правно или физичко лице кое поднело барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за добивање на еколошка ознака за обувки.

Член 3

Критериумите кои обувките треба да ги исполнат за добивање на еколошка ознака се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Одредбите на овој правилник имаат за цел да се обезбеди:

- Намалување на нивоата на токсични остатоци, во текот на производниот процес;
- Намалување на емисиите од испарливите органски соединенија, во текот на производствениот процес; и
- Промовирање на подолготрајни производи.

Критериумите се одредени на начин со кој се промовира означувањето на обувките кои имаат мало влијание врз животната средина.

Член 5

Секој критериум содржи специфични барања за проценка и верификација.

За одредени случаи, покрај методите на тестирање утврдени со критериумите од овој правилник, може да се употребат и други методи, доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст: надлежен орган) прифати дека тие се еквивалентни на предвидените за секој критериум.

Доколку за верификацијата не се потребни тестови, надлежниот орган треба да ја заснова одлуката на изјави и документација обезбедена од страна на барателот и/или од независни верификации.

Во определени случаи, кога е тоа потребно, надлежниот орган може да побара дополнителна документација и може да изврши независна верификација.

Надлежниот орган ги зема предвид признатите системи за управување со животната средина како што се EMAS или ISO 14001 при оценувањето на барањето и исполнувањето на критериумите.

Член 6

Барателот кој ги исполнува критериумите за добивање на еколошка ознака за обувки на пакувањата на обувките може да стави еколошка ознака, каде во текстуалниот дел на ознаката го става текстот: ОБУВКИ.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-6036/12
16 јули 2010 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Нецати Јакупи,** с.р.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Одлуката на комисијата од јули 2009 година за воспоставување еколошките критериуми за доделување на еко-ознаката на Заедницата за обувки (32009D0563)

ПРИЛОГ

КРИТЕРИУМИ ЗА ЕКОЛОШКА ОЗНАКА ЗА ОБУВКИ

Заеднички одредби
Функционална единица е еден пар на обувки. Барањата се базирани врз основа на обувки Paris point број 40. За детски обувки се применува Paris point број 32 (или најголемиот број во случај на броеви помали од Paris point број 32).

1. Опасни супстанции во крајниот производ

(а) Обувките направени од кожа не треба да содржат шестовалентен хром (Cr VI) во крајниот производ.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач треба да обезбеди извештај од спроведен тест, во кој се користел методот EN ISO 17075 (одредена граница 3 ppm). Примерокот за подготовка мора да ги следи укажувањата од EN ISO 4044.

Забелешка: Потешкотии во мерењето како резултат на интерференциите може да се појават кога ќе се анализира одредена обоена кожа.

(б) Во крајниот производ не смеат да бидат пронајдени остатоци од арсен, кадмиум и олово.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач треба да обезбеди извештај од спроведен тест во кој се користел еден од следниве методи согласно EN 14602:

- Тестирање на материјалите за составување на производот: супстанците специфицирани во овој критериум не треба да се содржани ниту во еден од материјалите употребени за производство на крајниот производ.
- Тестирање на крајниот производ: супстанците наведени во овој критериум не треба да се содржани ниту во горните ниту во долните компоненти на обувките на кои им следува раздвојување и целосна обработка со абење. За кожни производи подготовката на примерокот од обувката треба да го следи стандардот EN ISO 4044.

(в) Количината на слободни и хидролизирани формалдехиди во компонентите на обувките не треба да ги надминат следните граници во:

- текстил: не треба да се пронајдат
- кожа: 150 ppm.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач, треба да достави извештај од спроведен тест, во кој се користел методот за:

- текстил: EN ISO 14184-1 (одредена граница 20 ppm), и
- кожа: EN ISO 17226-1 или EN ISO 17226-2.

2. Намалување на потрошувачката на вода (само за штавење на кожа) Следните граници на потрошувачка на вода за штавење на кожа не треба да се надминат и тоа за:

- Кожа од поголеми животни 35 m^3/t,
- Кожа од помали животни 55 m^3/t.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач треба да достави соодветна документација дека гореспоменатите граници не се надминати.

3. Емисии од производството на материјали

(а) Доколку отпадните води од штавење на кожата и од текстилната индустрија се испуштени директно во чиста вода, COD (Chemical Oxygen Demand – потрошувачка на хемиски кислород) не треба да надминува 250 mg COD/l од испуштената вода. Доколку отпадните води од штавење на кожа се испуштаат во општинската пречистителна станица, тогаш овој критериум не треба да се применува, се додека не се докаже дека:

- Испуштањето на отпадната вода од штавилницата во општинската пречистителна станица се врши врз основа на дозвола, и
- Дека општинската пречистителна станица е во функција и дека понатамошните испуштања на третираната вода во системот за чиста вода е во согласност со минимум барањата на општината согласно стандардите и прописите за испуштање на отпадни води во рецепиенти и за третман на урбани отпадни води .

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди извештај од спроведен тест и соодветни податоци во кој се користел методот на тестирање: COD: ISO 6060 - Квалитет на вода - Одредување на потрошувачката на хемискиот кислород. Онаму каде што отпадните води се испуштаат во општинската пречистителна станица, документите мора да бидат обезбедени од релевантните институции кои покажуваат дека испуштањето е дозволено и дека општинските погони се во функција и дека се во согласност со минимум стандардите и прописите за испуштање на отпадни води во рецепиенти и за третман на урбани отпадни води.

(б) Отпадните води од штавење после обработката треба да содржат помалку од 1 mg хром (III)/l.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди извештај од спроведен тест и соодветни податоци, во кој се користел методот: ISO, или EN 1233 - или EN ISO 11885.

4. Употреба на опасните супстанции (се до купување)

(а) Не треба да се користи пентахлорфенол (PCP) и тетрахлорфенол (TCP) и нивните соли и естери.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач, треба да обезбеди изјава дека материјалите не ги содржат овие хлорфеноли заедно со извештај од спроведен тест во кој се користеле следните методи и тоа за:

- кожа, EN ISO 17070 (одредена граница 0,1 ppm);
- текстил: XP G 08-015 (одредена граница 0,05 ppm).

(б) Не треба да се користат азотни бои кои може да се раздвојат на било кој од следните ароматични амини:

- 4-аминодифенил (92-67-1)
- бензидин (92-87-5)
- 4-хлоро-о-толуидин (95-69-2)
- 2-нафтиламин (91-59-8)
- о-амино-азотолуен (97-56-3)
- 2-амино-4-нитротолуен (99-55-8)
- р-хлоранилин (106-47-8)
- 2,4-диаминоанизол (615-05-4)
- 4,4-диаминодифенилметан (101-77-9)
- 3,3-дихлоробензидин (91-94-1)
- 3,3-диметоксибензидин (119-90-4)
- 3,3-диметилбензидин (119-93-7)
- 3,3 диметил-4,4-диаминодифенилметан (838-88-0)
- р-крезидин (120-71-8)
- 4,4-метилен-бис-2-хлоранилин (101-14-4)
- 4,4-оксидианилин (101-80-4)
- 4,4-тиодианилин (139-65-1)
- о-отолуидин (95-53-4)
- 2,4-диаминотолуен (95-80-7)
- 2,4,5-триметиланилин (137-17-7)
- 4-аминоазобензен (60-09-3)
- о-анизидин (90-04-0)

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач треба да обезбеди изјава дека таквите азотни бои не се користени. Доколку треба да се направи проверка, треба да се користат следните методи и тоа за:

- кожа: CEN ISO TS 17234,
- текстил: EN 14362-1 или EN 14362-2.

Гранична вредност за текстил е 30 ppm (забелешка: можни се лажни позитиви за 4 аминоазобензен и затоа се препорачува потврдување со повторување на тестот).

Гранична вредност за кожа е 30 ppm (забелешка: можни се лажни позитиви за 4 аминоазобензен, 4 аминодифенил и 2 нафтиламин и затоа се препорачува потврдување со повторување на тестот).

(в) Следниве N-нитрозамини не треба да бидат пронајдени во гумата:

- N-нитрозодиметиламин (NDMA)
- N-нитрозодиетиламин (NDEA)
- N-нитрозодипропиламин (NDPA)
- N-нитрозодибутиламин (NDBA)
- N-нитрозопиперидин (NPIP)
- N-нитрозопиролидин (NPYR)
- N-нитрозоморфолин (NMOR)
- N-нитрозо N-метил N-фениламин (NMPhA)
- N-нитрозо N-етил N-фениламин (NEPhA)

Проценка и верификација: Барателот треба да достави извештај во кој се користел следниот метод: EN 12868 (1999-12) или EN 14602.

(г) Хлороалканите C10-C13 не треба да бидат користени во кожните, гумените или текстилните компоненти.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач треба да обезбеди изјава дека го исполнува критериумот.

(д) Не треба да се употребуваат бои кои се класифицирани како канцерогени, мутагени и токсични за репродукција, штетни/опасни за животната средина со следните R-фрази: R40, R45, R 49, R50, R51, R52, R53, R60, R61, R62, R63 или R68 (или нивна комбинација). Правилата за класификација се во согласност со Законот за хемикалии и Директивата на Советот 67/548/ЕЕЗ за приближување на законите, регулативите и административните одредби кои се однесуваат на класификацијата, пакувањето и обележувањето на опасните супстанции, или Директивата 1999/45/Е3 за приближување на законите, прописите и административните одредби на земјите - членки за класифицирање, пакување и етикетирање на опасни препарати. Алтернативно, класификацијата може да биде земена предвид во согласност со Регулативата на европскиот парламент и на Советот бр. 1272/2008 за класификација, означување и пакување на супстанции и препарати. Во овој случај никакви супстанции или препарати не треба да бидат додадени на суровините кои се овде пропишани, или може да бидат пропишани во моментот на аплицирање, со следните ознаки на опасности (или нивни комбинации): H351, H350, H350i, H400, H410, H411, H412, H413, H360F, H360D, H361f, H361d, H360FD, H361fd, H360Fd, H360Df, H341.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач треба да обезбеди изјава дека го исполнува критериумот.

(ѓ) Алкилфенол етоксилати (APE), и рерфлуорооктан сулфонати (PFOS) не треба да се употребуваат.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди изјава дека го исполнува критериумот.

(ж) Фталати: само фталатите кои во времето на апликацијата биле оценети како ризични и не биле класифицирани со следните фрази (или нивни комбинации): R 60, R 61, R62, R50, R51, R52, R53, R50/53, R51/53, R52/53, во согласност со Законот за хемикалии и Директивата 67/548/ЕЕЗ за приближување на законите, регулативите и административните одредби кои се однесуваат на класификацијата, пакувањето и обележувањето на опасните супстанции, може да бидат употребени во производот.

Проценка и верификација: Барателот и/или неговиот набавувач треба да обезбедат изјава дека го исполнува критериумот.

(з) Биоциди: само биоцидните производи кои содржат биоцидни активни супстанции вклучени во Анекс IA од Директивата 98/8/ЕС во врска со пуштање на пазар на биоцидни производи, наменети за употреба кај обувките може да бидат одобрени за употреба.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди изјава дека го исполнува критериум заедно со списокот на употребените биоцидни производи.

5. Употреба на испарливи органски соединенија (VOC) за време на финалното склопување на обувките

VOC (органски испарливи соединенија) се било кои органски состојки кои на температура од 293,15 K имаат притисок на пареа од 0,01 кPa или повеќе, или имаат соодветна испарливост под одредени услови на работа.

Вкупната употреба на VOC за време на финалното производство на обувки не треба да надминува во просек 20 грама VOC/пар.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди пресметка на вкупната употреба на VOC за време на крајното производство на обувки, заедно со потребните податоци, резултатите од тестот и соодветната документација, со направени пресметки каде го користел методот EN 14602. Се бара да се пријават купените кожи, лепила, средства за финална обработка и производство на обувки во текот на последните шест месеци.

6. Потрошувачка на енергија

Потребно е да се достават податоци за потрошувачката на енергија при производство на обувки. Пресметките на потрошувачка на енергија се однесуваат само на производствената фаза на крајниот производ.

Просечната потрошувачка на електрична енергија (AEC) за секој пар чевли може да биде пресметана на два начини и тоа врз основа на :

А) вкупното дневно производство на обувки во погонот:

- MJ_{dp} = просечна искористена енергија на ден употребена за производство на обувки: електрична енергија + фосилни горива (пресметани на годишно ниво),
- N = просечен број на парови обувки произведени за еден ден (пресметани на годишно ниво)

$$AEC = \frac{MJ_{dp}}{N}$$

Б) производството на еколошко означените обувки во погонот:

- MJ_{ep} = просечната искористена енергија на ден употребена за производство на еколошко означени обувки: електрична енергија + фосилни горива (пресметани на годишно ниво),
- N_{ep} = просечен број на пара еколошко означени обувки произведени за еден ден (пресметани на годишно ниво).

$$AEC = \frac{MJ_{ep}}{N_{ep}}$$

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди релевантни информации за потрошувачка на електрична енергија за пар обувки.

7. Пакување на финалниот производ

Кога картонските кутии се користат за крајното пакување на обувките, тие мора да бидат направени од 100 % рециклиран материјал.

Кога пластичните кеси се користат за крајното пакување на обувките, тие мора да бидат направени од најмалку 75% рециклиран материјал, или треба да бидат биоразградливи, или да можат да се компостираат, во согласност со дефинираните барања во EN 13432.

Проценка и верификација: Примерок од пакувањето на производот треба да се достави заедно со барањето и со соодветната изјава со која се потврдува усогласеноста со овој критериум. Само пакувањата кои се утврдени како примарни во Законот за управување со пакување и отпад од пакување, се предмет на овој критериум.

8. Информации за пакувањето

(а) Инструкции за корисникот:

Со производот треба да се достават и следните информации:

- "Овие обувки се обработени соодветно за да се подобри нивната отпорност на вода. Тие не бараат никаква натамошна обработка". (Овој критериум е применлив само за оние обувки кои се произведуваат за да бидат отпорни на вода).
- "Кога можете, поправете ги вашите обувки наместо да ги фрлите настрана. Ова е помалку штетно за животната средина".
- "При отстранување на обувките, ве молиме да ги користите соодветните локални места за рециклирање".

(б) Информации за еколошка ознака:

Следниов текст (или сличен текст) треба да се појави на пакувањето:

- "За повеќе информации околу тоа зошто на овој производ му била доделана еколошка ознака, обратете се во надлежниот орган за еколошко означување или може да ја посетите WEB страната: http://www.moepp.gov.mk".

(в) Информации за потрошувачот:

Информативен текст во кој барателот ги објаснува своите пристапи за одржливост на животната средина треба да биде ставен на пакувањето.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди примерок од пакувањето на производот и од придружните информации на производот, заедно со изјава дека го исполнува секој дел од критериумот.

9. Информации кои се појавуваат на еколошката ознака

Текстуалниот дел на еколошката ознака треба да го содржи следниот текст:

- Мала загаденост на водата и воздухот, и
- Избегнати се штетни супстанции.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди примерок од пакувањето на производот покажувајќи ја етикетата, заедно со изјава дека го исполнува критериумот.

10. Параметри кои придонесуваат за издржливост

Професионалните и безбедносните обувки треба да носат ЕС ознака (во согласност со Директивата на Советот 89/686/ЕЕС) за опрема за лична заштита. Сите други обувки треба да ги исполнуваат барањата наведени во Табелата која е составен дел на овој прилог.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди извештај што одговара на параметрите изнесени во табелата, со користење на следните методи:

- EN 13512 – горен дел - отпор на свиткување
- EN 13571 – горен дел – јачина на кинење
- EN 17707 – надворешен ѓон – отпор на свиткување
- EN 12770 – надворешен ѓон – абразивна отпорност
- EN 17708 – целиот ѓон – поврзаност на ѓонот
- EN 12771 – надворешен ѓон – јачина на свиткување
- ISO 17700 – методи на тестирање за горни делови, поставата и во влошките – стабилност на бојата при триење

Табела: Параметри кои придонесуваат за издржливост

	Спортски обувки за општа намена	**Школски обувки**	**Секојдневни обувки**	**Машки градски обувки**	**Обувки за ладно време**	**Женски градски обувки**	**Модерни**	**Детски**	**Затворен простор Домашни**
Отпорност на свиткување на горниот дел од обувките: (кс без видливо оштетување)	Сув =100 Влажен =20	Сув =100 Влажен=20	Сув =80 Влажен=20	Сув =80 Влажен =20	Сув =100 Влажен=20 - 20°C=30	Сув =50 Влажен=10	Сув =15	Сув =15	Сув =15
Сила на кинење на горниот дел од обувките (Просечна сила на кинење N) Кожа Други материјали	 ≥ 80 ≥ 40	 ≥ 60 ≥ 40	 ≥ 60 ≥ 40	 ≥ 60 ≥ 40	 ≥ 60 ≥ 40	 ≥ 40 ≥ 40	 ≥ 30 ≥ 30	 ≥ 30 ≥ 30	 ≥ 30 ≥ 30
Отпорност на свиткување на ѓонот Раст на расцепот (mm) Nsc= Без спонтано распукнување	≤ 4 Nsc	≤ 4 Nsc	≤ 4 Nsc	≤ 4 Nsc	≤ 4 Nsc на -10°C	≤ 4 Nsc			
Отпорност на ѓонот на абразија D ≥ 0,9 g/cm^3 (mm^3) D < 0,9 g/cm^3	≤ 200 ≤150	≤ 200 ≤ 150	≤ 250 ≤ 170	≤ 350 ≤ 200	≤ 200 ≤ 150	≤ 400 ≤ 250			≤ 450 ≤ 300
Приврзаност на горниот дел од ѓонот (N/mm)	≥ 4,0	≥ 4,0	≥ 3,0	≥ 3,5	≥ 3,5	≥ 3,0	≥ 2,5	≥ 3,0	≥ 2,5
Сила на кинење на ѓонот (Просечна сила N/mm) D ≤ 0,9 g/cm^3 D < 0,9 g/cm^3	 8 6	 8 6	 8 6	 6 4	 8 6	 6 4	 5 4	 6 5	 5 4
Трајност на бојата во внатрешноста на обувката (облога или внатрешна страна) Сива скала на филцот после 50 циклуси влажност	≥ 2/3	≥ 2/3	≥ 2/3	≥ 2/3	≥ 2/3	≥ 2/3		≥ 2/3	≥ 2/3

2286.

Врз основа на член 29, став 9 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА КРИТЕРИУМИТЕ КОИШТО ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКА ОЗНАКА ЗА САПУНИ, ШАМПОНИ И КОНДИЦИОНЕРИ ЗА КОСА (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за сапуни, шампони и кондиционери за коса, како и начинот и постапката за нивното утврдување.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Сапуни, шампони и кондиционери за коса" е група на производи која вклучува било која супстанција и препарат за исплакнување (миење), наменети за нанесување на системот од епидерм и коса, исклучиво или главно заради нивно исплакнување (миење). Групата на производи вклучува и било која супстанција и препарат наменети за нанесување на косата заради подобрување на нејзината состојба (кондиционери за коса). Оваа група на производи ги опфаќа како производите за приватна употреба, така и производите за професионална употреба. Групата на производи не ги опфаќа производите што се посебно означени дека се за дезинфекција или за анти-бактериска употреба.

2. “Барател“ е правно или физичко лице кое поднело барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за добивање на еколошка ознака за сапуни, шампони и кондиционери за коса.

Член 3

Критериумите кои сапуните, шампоните и кондиционерите за коса треба да ги исполнат за добивање на еколошка ознака се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Одредбите на овој правилник имаат за цел да се обезбеди:

- Намалување на загадувањето на водата, како со ограничување на количеството на потенцијално штетните состојки, така и со ограничување на вкупното токсично оптоварување на производот;

- Минимизирање на отпадот со намалување на количината на пакувањето;

- Намалување или превенција од потенцијалните ризици по животната средина поврзани со употребата на штетните супстанции; и

- Зголемување на свеста на потрошувачите за животната средина.

Критериумите се одедени на начин со кој се промовираат означувањето на сапуните, шампоните и кондиционерите за коса кои имаат помало влијание врз животната средина во однос на други исти такви производи пуштени на пазарот.

Член 5

Секој критериум содржи специфични барања за проценка и верификација.

За одредени случаи, покрај методите на тестирање утврдени со критериумите од овој правилник може да се употребат и други методи, доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст: надлежен орган) прифати дека тие се еквивалентни на предвидените за секој критериум.

Доколку за верификацијата не се потребни тестови, надлежниот орган треба да ја заснова одлуката на изјави и документација обезбедена од страна на барателот и/или од независни верификации.

Во определени случаи, кога е тоа потребно, надлежниот орган може да бара дополнителна документација и/или може да изврши независна верификација, која може да вклучи и посета на производствени капацитети.

Надлежниот орган може да ги земе предвид признатите системи за управување со животната средина, како EMAS или 1SO 14001, при оценувањето на барањето и исполнувањето на критериумите.

Член 6

Барателот кој ги исполнува критериумите за добивање на еколошка ознака за некој од групата на производи сапуни, шампони и кондиционери за коса има право на нивните пакувања да ја стави еколошката ознака, каде во текстуалниот дел на ознаката го става соодветно текстот: САПУНИ, ШАМПОНИ, КОНДИЦИОНЕРИ ЗА КОСА.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-6036/13
16 јули 2010 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Нџати Јакупи,** с.р.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Одлуката на комисијата од јули 2009 година за воспоставување еколошките критериуми за доделување на еко-ознаката на Заедницата за сапуни, шампони и кондиционери за коса (32007D0506)

ПРИЛОГ

Заеднички одредби

Кога е можно, тестирањето треба да се изврши од страна на лаборатории кои ги исполнуваат општите барања на стандардот EN 1SO 17025 или друг еквивалентен метод.

Кога од барателот се бара да обезбеди изјава, документација, извештаи за спроведен тест, или друга евиденција за да ја покаже усогласеноста со критериумите, тогаш се подразбира дека истите, како соодветни, потекнуваат од барателот и/или неговиот набавувач. Кога во документацијата се наведуваат состојки, тогаш тоа се однесува на супстанции и препарати.

Текстот кој се спроведува за супстанциите и препаратите упатува на Листата 1 - Листа на состојки на детергентот (во натамошниот текст DID листа - Detergent Ingredient Database list), која е составен дел на овој прилог, која ги содржи состојките кои најчесто се користат во формулациите на сапуните и шампоните. Делот А од Листата 1 треба да се користи за податоци за пресметка на критичниот разблажен волумен (CDV) и за проценка на биодеградација на површински активни супстанции. Барателот може да поднесе сопствени податоци за супстанциите доколку во Листата 1 не се дадени вредности, освен за парфеми (вклучувајќи биолошки адитиви) и бои.

За состојки кои не се вклучени во делот А од Листата 1 , барателот на своја одговорност ја применува постапката опишана во делот Б од Листата 1.

При апликацијата, треба да биде користена последната верзија на DID листата која ќе биде достапна од страна на надлежниот орган и другите субјекти кои се вклучени во оценувањето на апликацијата.

За состојките кои не се опфатени со DID листата, барателот може да пристапи кон обезбедување на потребната документација за анаеробна биодеградација опишана во Листата 3, кој е составен дел на овој прилог.

За целите на овие критериуми, под „површинска активна супстанција“, се подразбира било која органска супстанција, и/или препарат, користена во детергенти, која има површинско-активни особини и која се состои од една или повеќе хидрофилини и една или повеќе хидрофобни групи, од таква природа и големина што се способни да го намалат на површинскиот напон на водата, како и на процесот на ширење или адсорпција на моно-слоевите во водата, воздушниот меѓупростор, како и на формирање на емулзии и/или микро-емулзии и/или мицели, и на адсорпција во водено-цврсти меѓупростори.

Функционалната единица е 1 грам од “Активна содржина (АС)“. АС се дефинира како тежина на органските состојки во производот. Се пресметува врз основа на целосната формулација на производот. Триечките/абразивните агенси за чистење на рацете, не се вклучени во пресметката на АС.

За потребите на проценка и верификација треба да бидат обезбедени следниве информации:

- технички опис на содржините на производот (комплетна формулација), вклучувајќи ги познатите загадувачи. Описот мора да содржи и спецификација на залихите, CAS број (регистарски броеви кои се единствени нумерички идентификатори за хемиски елементи, состојки, полимери, биолошки секвенци, смеси и легури) и INCI ознаки (International Nomenclature of Cosmetic Ingredients);
- спецификација на функцијата на секоја поединечна состојка во производот, наведувајќи ја целта за која компонентата е додадена;
- листа на податоци за безбедност/лист на податоци за производот со имињата на снабдувачите на сите состојки.

ЕКОЛОШКИ КРИТЕРИУМИ

1. Токсичност на водните организми

Најголемото разредување на волуменот кое покажува токсичност се нарекува критичен разблажен волумен (CDV), кој за секоја состојка (i) и за целиот производ се пресметува со користење на следнава равенка:

CDV (состојка i) = тежина (i) x DF (i) x 1.000/TFхронична (i)

CDV=∑ CDV (состојка i)

Каде тежина (i) е тежина на состојката (во грамови) спрема функционалната единица, DF (i) е фактор на деградација и TF хронична (i) е фактор на токсичност на состојката (во милиграми/литар).

Вредностите на DF и TF хронични, треба да бидат дадени како во Дел А на Листата 1. Ако состојката што се проценува не е вклучена во Дел А од Листата 1, тогаш барателот треба да ги процени вредностите следејќи го пристапот од Листата на состојки на детергентот од Дел Б на Листата 1. CDV_{tox} се пресметува за секоја состојка одделно, а потоа се собираат вредностите за сите состојки и така се одредува CDV_{tox} за производот.

Вкупната вредност на CDV на производот не смее да ги надминува следните вредности и тоа за:

- шампони, производи за туширање и течни сапуни: 20.000 l/g AC;
- тврди сапуни: 3.500 l/g AC;
- кондиционери за коса: 30.000 l/g AC.

Проценка и верификација: Барателот до надлежниот орган треба да ја достави точната формулација на производот. Понатаму, точниот хемиски опис на состојките од производот (на пример, идентификација според IUPAC, CAS број, INCI име, чистота, вид и процент на нечистотии, адитиви; за смеси како на пр. површински активните супстанции: DID број од Листата 1, состав и спектар на хомолошка дистрибуција, изомери и трговски марки).
За сите состојки на производот треба да бидат дадени копиите од листата на податоци за безбедност на материјалите.

Пресметката на CDV и соодветниот резултат треба да бидат дадени во детали. За сите состојки кои се вклучени во Листата 1, треба да биде даден соодветниот број на состојката. За состојките кои не се вклучени во Листата 1, треба да бидат поднесени резултати од тестовите и методите на тестирање за еко-токсичност (долгорочни влијанија (NOEC податоци) врз рибите, врз раковидни видови и врз алгите), биоразградливоста и биоакумулативноста.

2. Еколошки штетни производи

Производот не треба да ги исполнува барањата за класификација за било која од следниве комбинации од ризици и тоа:

N, R50/53: ($W_{R50/53}$/25 %) ≥ 1

N, R51/53: (($W_{R50/53}$/2,5 %) + ($W_{R51/53}$/25 %)) ≥ 1

R52/53: (($W_{R50/53}$/0,25 %) + ($W_{R51/53}$/2,5 %) + ($W_{R52/53}$/25 %)) ≥ 1, каде е:

$W_{R50/53}$ - тежински процент на состојки кои можат да се класифицираат како R50/53.

$W_{R51/53}$ - тежински процент на состојки кои можат да се класифицираат како R51/53.

$W_{R52/53}$ - тежински процент на состојки кои можат да се класифицираат како R52/53.

Триечките/Абразивните агенси не се вклучени во агенсите за чистење на раце.

Проценка и верификација: Барателот до надлежниот орган треба да ги достави резултатите од тестирање на водна токсичност и биоразградливоста на битните состојки. Не треба да се користат, резултатите за токсичност од DID листата.

Ако најниската токсичност е ≤10 mg/l, тогаш треба да бидат дадени резултатите од тестот за потенцијална биоакумулативност (Био-концентрационен фактор (BCF) или logKow). Ако нема достапни резултати, состојката ќе се разгледува како R 50/53. Следните исклучоци се применуваат за:

- Мириси и бои: R 51/53.
- Биолошки адитиви, односно, растителни екстракти и други состојки изолирани од растенија или животни и со мала или без никаква хемиска промена: R 51/53.

Секоја состојка, чија концентрација надминува 0.010 % од тежината на готовиот производ треба да биде земена предвид, без оглед на тоа дали се користи во формулацијата како единствена супстанца или како составен дел од препаратот. Ова, исто така се применува на секоја состојка употребена во формулацијата и која надминува 0.010 % од тежината на готовиот производ.

3. Аеробна биоразградливост

(а) Аеробна биоразградливост на површинска активна супстанција

Секоја површинска активна супстанција користена во производот треба да биде лесно биоразградлива.

Проценка и верификација: Барателот до надлежниот орган треба да ја достави точната формулација на производот, како и описот на функцијата на секоја состојка.

Делот А од листата 1, покажува дали одредена површинска активна супстанција е аеробно биоразградлива или не (површински активните супстанции со влез "R" во колоната за аеробна биоразградливост се лесно биоразградливи). За површински активните супстанции кои не се вклучени во делот А од листата 1, треба да бидат обезбедени соодветни информации од литературата или други извори, или соодветни тест резултати, кои покажуваат дека тие се аеробно биоразградливи.

Површински активните супстанции треба да се сметаат како лесно биоразградливи ако нивото на биоразградливост (минерализација) измерено според еден од следниве пет тестови е најмалку 60 % во рок од 28 дена и тоа:

- CO_2 “Headspace“ тест (OECD 310),
- јаглерод диоксид (CO_2) еволуиран “Sturm“ тест (OECD 301B),
- тест во затворено шише (OECD 301D),
- Манометарски респирометарски (OECD 301F), или
- MITI (I) тест (OECD 301C), или нивни еквивалентни ISO тестови. Во зависност од физичките карактеристики на површински активната супстанција, еден од следниве тестови може да се користи за да се потврди лесната биоразградливост, ако нивото на биоразградливост е најмалку 70% во рок од 28 дена: Растворен органски јаглерод DOC Die-Awey (OECD 301A) или “Modified OECD Screening DOC Die-Awey“ (OECD 301E), или нивните еквивалентни ISO тестови. Применливоста на методите на тестирање на основа на мерење во растворен органски јаглерод треба соодветно да се оправда.

Сите состојки, што надминуваат 0.010 % од тежината на готовиот производ треба да бидат земени предвид. Ова, исто така се применува на секоја состојка на секој препарат употребен во формулацијата и кој надминува 0.010 % од тежината на готовиот производ.

б) Аеробна биоразградливост на површински неактивни супстанции ($aNDBO_{поп\text{-}surf}$)

Содржината на состојки кои не се лесно биоразградливи (или не биле тестирани за аеробна биоразградливост) не треба да ги надминува следниве нивоа и тоа за:

- Шампони, производи за туширање и течни сапуни: 30 mg/g AC;
- Цврсти сапуни: 15 mg/g AC;
- Кондиционери за коса: 50 mg/g AC.

Триечките/Абразивните агенси за чистење на рацете, не се вклучени во агенсите за чистење на раце.

Треба да бидат земени предвид сите состојки кои надминуваат повеќе од 0.010 % од тежината на готовиот производ. Ова исто така се однесува на секоја состојка употребена во формулацијата и која надминува 0.010 % од тежината на готовиот производ.

Проценка и верификација: Барањата за проценка и верификација треба да се идентични со барањата од критериумот бр. 3 (а).

4. Анаеробна биоразградливост ($annbdo_{tox}$)

Содржината на состојки кои не се анаеробно разградливи (или не биле тестирани за анаеробна биоразградливост) и кои имаат најниска акутна токсичност LC_{50} или EC_{50} < 100 mg/l (EC_{50} - концентрација која покажува максимален ефект кај 50 % од испитуваните производи) не треба да ги надмине следниве нивоа и тоа за:

- Шампони, производи за туширање и течни сапуни: 25 mg/g AC;
- Цврсти сапуни: 15 mg/g AC;
- Кондиционери за коса: 50 mg/g AC.

Триечките/Абразивните агенси не се вклучени во агенсите за чистење на раце.

Проценка и верификација: Доколку состојката се наоѓа во делот А од листата 1, тогаш тоа покажува таа состојка е анаеробно биоразградлива или не (површински активните супстанции со влез 'Y' во колоната за анаеробна биоразградливост се биоразградливи под анаеробни услови).

За состојките кои не се вклучени во делот А од листата 1, или кои се вклучени со влезот "0", треба да бидат обезбедени соодветни информации од литературата или други извори, или соодветни резултати од тестирање, кои покажуваат дека тие се анаеробно биоразградливи. Референтни тестови за анаеробна биоразградливост треба да бидат OECD 311, ISO 11734, ECETOC бр.28 (јуни 1988) или еквивалентен метод на тестирање со барање да најмалку 60% од крајната биоразградливост да е под анаеробни услови. Исто така, методите на тестирање кои ги стимулираат условите во релевантната анаеробна животна средина, може да се искористат за документирање за тоа дека 60% од крајната биоразградливост е постигната под анаеробни услови, согласно Листата 3 на овој прилог.

Доколку се достапни повеќе резултати за токсичност, тогаш треба да се користи најниската валидна вредност. Токсичните вредности во Листата 1 се средни вредности, кои не можат да бидат искористени за оваа намена.

Треба да бидат земени предвид сите состојки кои надминуваат 0.010 % од тежината на готовиот производ. Ова исто така ја вклучува секоја состојка употребена во формулацијата која надминува 0.010% од тежината на готовиот производ.

5. Мириси

Секоја состојка додадена во производот, како мирис мора да биде произведена, постапувана и применета во согласност со кодексот на практиката на Меѓународната асоцијација на мириси.

Проценка и верификација: Производителот на мирис до надлежниот орган треба да достави изјава за усогласеност со овој критериум.

6. Бои или агенси за боење

Органските бои или агенси за боење не треба да бидат потенцијално био-акумулативни. Во случај на агенси за боење кои се одобрени за употреба во прехранбените производи, не е потребно да достави документација за потенцијалот на биоакумулативност. Во оваа насока, агенс за боење или боја ќе се смета за потенцијално биоакумулативна ако експериментално одредениот (Био-концентрационен фактор) BCF **е** > 100. Ако не се достапни BCF резултати,од тстирање тогаш биоакумулативноста може да се демонстрира преку log Pow (log octanol/коефициент на поделба на водата). Ако logPow е > 3,0 тогаш агенсот за боење се смета како потенцијално биоакумулативен.

Проценка и верификација: Производителот до надлежниот орган треба да достави извештај или објавен резултат од тестирање заедно со референца на објавувањето. Ако бојата или агенсот за боење е одобрен за употреба во прехранбени производи, тогаш мора да биде доставена изјава од производителот каде е наведен овој факт.

7. Биоциди

(а) Производот може да содржи биоциди со соодветна доза само заради негова заштита. Ова не се однесува на површински активните супстанции кои исто така може да имаат биоцидни својства.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбедени копии од податоците за безбедноста на материјалот на презервативите заедно со информации за нивната точна концентрација во производот. Производителот или набавувачот на презервативите треба да обезбеди информации за дозата што е потребна за да се заштити производот од микробиолошка разградливост.

(б) Биоцидите, било како дел од формулацијата или како дел од препаратите вклучени во формулацијата, кои се користат за заштита на производот и кои ги исполнуваат критериумите за класификација на ризични термини со P50-53, или R51-53, се дозволени доколку тие не се потенцијално био-акумулативни. Во овој контекст, се смета дека биоцидот е потенцијално био-акумулативен ако био-концентрациониот фактор (BCF) е > 100, или, ако нема достапни резултати од BCF, тогаш log Pow (log octanol/коефициент на поделба на водата) да е > 3,0.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди резултати од тестирањето за водната токсичност. Ако најниската токсичност е < 10 mg/l, тогаш мора да бидат доставени резултати од тестирање за готова биоразградливост. Ако биоцидот не е лесно биоразградлив, тогаш мора да бидат доставени резултати од тестот за биоакумулативност.

(в) Презервативите не смеат да ослободуваат супстанции класифицирани во согласност со критериумот 8 (а).

Проценка и верификација: Производителот на биоцид треба да достави пополнета и потпишана изјава, за усогласеност со овој критериум.

8. Еколошки штетни состојки

Овие барања се однесуваат на сите состојки кои надминуваат 0.010 % од тежината на готовиот производ. Ова исто така се однесува на секоја состојка употребена во формулацијата и која надминува 0.010% од тежината на готовиот производ.

(а) класифицирани состојки:

Ниту една од составните супстанции не треба да биде класифицирана како канцерогена (Carc), мутагена (Mut) или токсична за репродукција (Rep) вклучувајќи ги правилата за само-класифицирање класа III согласно класификацијата утврдена во Законот за хемикалии.

Проценка и верификација: Барателот треба да обезбеди копии од податоците за безбедноста на материјалот за сите состојки (било супстанции или препарати). Барателот треба да достави потпишана изјава подготвена од страна на производителот за состојките која ја покажува усогласеноста со овој критериум.

(б) Специфични исклучени состојки:

Следниве состојки не треба да бидат вклучени во производот, ни како дел од формулацијата ни како дел од било кој препарат вклучен во формулацијата и тоа:

- Алкил фенол етоксилати (APEOs) и други алкил фенол деривати;
- NTA (nitro-tri-acetate);
- Борна киселина, борати и перборати;
- Нитромошуси и полициклични мошуси.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави пополнета и потпишана изјава од страна на производителот, за усогласеност со овој критериум..

(в) Специфични ограничени состојки:

Етилендиаминтетраацетат (EDTA) и неговите соли и нелесно биоразградливите фосфати може само да се додадат на цврсти сапуни и само со максимална содржина од 0,6 mg/g AC.

Проценка и верификација: Барателот треба да достави пополнета и потпишана декларација од страна на производителот, за усогласеност со овој критериум.

9. Пакување

(а) Односот тежина/содржина (WCR) мора да биде помал од 0,30 g од пакувањето по грам од производот, и се пресметува на следниот начин:

$$WCR = \sum((Wi + Ni)/(Di \times r)),$$ каде:

Wi - тежина (во грамови) на пакувањето-компонента i (ова се однесува и на примарните и на секундарните пакувања), вклучувајќи ги сите етикети.

Ni - тежина (во грамови) на компонентата од пакувањето која доаѓа повеќе од чист отколку од рециклиран материјал (ова се однесува и на примарните и на секундарните пакувања). Ако компонентата од пакувањето не содржи рециклиран материјал тогаш Ni = Wi.

Di - тежина во грамови на производот кој ја содржи компонентата од пакувањето.

r - повратниот број, односно број кој означува колку пати е користена компонентата за пакување, за исти цели преку систем на враќање или повторно полнење (стандардно r = 1, ако не се јавува повторна употреба).

